ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНИ ПРИХОДИ И РАСХОДИ ВО БУЏЕТОТ ЗА 2026 ГОДИНА ЗА МЕСЕЦ ОКТОМВРИ

1. ПРИХОДИ

Во периодот од **01.10.2026** година до **31.10.2026** година во Буџетот на Општина Берово приберени се приходи во износ од **11.511.926 денари** и тоа по следните основи:

ВИД НА ПРИХОД РЕАЛИЗИРАН ВО ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД	ВКУПНО РЕАЛИЗИРАНИ ПРИХОДИ
Уплати од Буџетот на Р.С.М. по основ на **6%** од персоналниот данок на доход на лични примања од плати од работниците кај правни лица со општествен капитал	**183.787** денари
Уплати од Буџетот на Р.С.М. по основ на **6%** од персоналниот данок на доход на лични примања од плати од работниците кај правни лица со приватен капитал	**393.041** денари
Данок од плати кои физичко лице ги опстварува во странство	**1.264** денари
100% од персоналниот данок на доход од физички лица кои се занимаваат со занаетчиска дејност регистрирани согласно со Законот за занаетчиска дејност на чие подрачје се регистрирани за вршење на дејноста	**24.880** денари
Уплати по основ на данок на имот од физички и правни лица	**362.637** денари

Приходи по основ на уплатени даноци на недвижности и права и данок на наследство и подарок	**525.535** денари
Уплата на комунална такса за привремен престој од страна на регистрирани правни субјекти и физички лица кои нудат сместувачки капацитети	**131.352** денари
Такса за истакнување на фирма (фирмарина)	**209.500** денари
Комунална такса за користење на улици со патнички товарни возила што се плаќа при регистрација	**69.461** денари
Комунална такса што се плаќа за одржување на јавното осветлување	**1.143.691** денари
Такси за користење на просторот пред деловни простории, за истакнување на рекламни објави и огласи на јавни места, за користење на музика во јавни локали и за користење на плоштад и др.	**143.910** денари
Комунален надоместок од уредување на градежно земјиште	**186.945** денари
Уплати по основ на административни такси кои се плаќаат за списи	**43.570** денари
Уплати по основ на закупнини на објекти и опрема во сопственост на општината	**77.562** денари
Уплати по основ на надомест од сопственици на моторни и запрежни возила, други неданочни приходи и приходи од органи на управа - надомест за користење на сала за венчавки и др.потреби, приходи од извршени уплати од министерствата	**2.246.590** денари

за користење водовод и канализација на подрачните одделенија сместени во зградата на општината, **2 %** од наплата на премии за каско и одговорност, наплата по решение од извршител	
Приходи од закуп на земјоделско земјиште во сопственост на државата, надоместок за концесии за експлоатација на минерални суровини	**97.286** денари
Надомест за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти – легализација	**24.926** денари
Трансвер на средства од Буџетот на Р.С.М. во износ од **4.618.225** ден. по основ на **6%** данок на додадена вредност остварен во претходната фискална година и тоа основен дел **- 4,5%**, дел за перформанси **- 0,75%** и дел за воедначување **– 0,75%, 927.764** ден. средства од ЈП за државни патишта согласно програмата за локални улици и патишта повлечени од наменската сметка на општината и **100.000** ден. трансвер од Министерството за култура и туризам, согласно склучен Договор за доделување на средства за реализација на Етно плоштад фестивалот **2026** година.	**5.645.989** денари

2. РАСХОДИ

Во периодот од **01.10.2026** година до **31.10.2026** година од Буџетот на Општина Берово исплатени се вкупно **12.261.030 денари** и тоа за следните намени:

ВИД НА РАСХОД РЕАЛИЗИРАН ВО ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД	ВКУПНО РЕАЛИЗИРАНИ РАСХОДИ

За плати на вработените во општината, плати за дел од вработените во Домот за стари лица, дел од вработените во ТППЕ и платен персонален данок на доход од надоместоци на советниците	**3.461.678** денари
Исплатен надоместок за **1**(еден) месец на советниците	**347.515** денари
Исплатена хранарина за м.08 и 09/2026 год. на вработените во ТППЕ 3 смена	**75.603** денари
Од постојаната резерва (непредвидливи расходи) исплатено е едно решение од **5.000** ден. кон физичко лице за незавидна финансиска сосотојба со платен персонален данок на доход од надоместоци на износ од **556** ден.	**5.556** денари
Платени се **56.820** ден. дел од фактура за сместување на гости кои беа поканети на Етно плоштад фестивалот, за **10.000** ден. е извршено надополнување на ТАГ картичките од ЈП за државни патишта во сопственост на општината и **10.346** ден. се исплатени за дневници во земјата на градоначалникот и администрацијата за месец **07** и **08/2026** год.	**77.166** денари
66.700 ден. се платени за водовод и канализација за м.**08** и м.**09/2026** год., платени се дел од доставените фактури за ел.енергија и ул.осветлување за м.**08/2026** и дел за м.**09/2026** сума од **633.493** ден., за поштенски услуги **20.468** ден., за телефон,интернет и др.трошоци за комуникација платени се **22.112** ден., за горива и масла **132.300** ден., **22.790** ден. за регистрација на моторни возила, **48.597** ден. за набавка на огревно дрво за потребите на ТППЕ и **140.000** ден. дел од обврска за транспорт на стоки за потребите на општината	**1.086.460** денари

За набавка на материјали за ул.осветлување платено е **250.017** ден., **5.739** ден. за набавка на средства за хигиена, **29.606** ден. за канцелариски материјали, **38.374** ден. за прехрамбени продукти и пијалоци, **74.871** ден. за набавка на обувки за вработените во ТППЕ и **15.784** ден. за разни материјали за потребите на општината	**414.391** денари
138.888 ден. за јавно зеленило на територијата на општината за м. **08/2026, 622.888** ден. за одржување на јавна чистота за месеците **08** и **09/2026, 140.510** ден. за поправка и сервисирање на возилата на општината, **90.000** ден. – дел од обврска за чистење на речно корито на река Брегалница, градско подрачје, **60.180** ден. за поправки и одржување на софтверската и хардверската опрема, **26.880** ден. за чистење на градежна депонија, **253.728** ден. за хоризонтална сигнализација на територијата на општината, **32.875** ден. за поправка на возилата на ТППЕ и **29.900** ден. за одржување на урбаната опрема	**1.395.849** денари
30.000 ден. за услуги за копирање, печатење и издавање, **5.464** ден. за изнајмена просторија во с.Двориште за потребите на детската градинка, за др.договорни услуги платено е **153.800** ден. од кои **100.800** ден. за др.договорни услуги за сезонско ангажирани **6** лица за општокорисна работа – јавна чистота, **29.000** ден. за сезонски ангажиран пожарникар преку програмата за заштита и спасување и **24.000** ден. се платени за обезбедување на одржаниот Етно плоштад Фестивал, **1.500** ден. за банкарска гаранција за подигната ефектива за дневници во странство, **11.660** ден. за користени услуги од АКН, **54.752** ден. за консултантски услуги за извршени проценки од страна на овластени проценители за потребите на општината, **63.308** ден. за осигурување на недвижниот имот на општината, **32.649** ден. за осигурување на возилата на општината и ТППЕ, **5.000** ден.	**391.173** денари

се платени за обезбедување на присуство на екипа од ИМП за организиран настан од страна на општината и **33.040** ден. се платени за услуги од телевизиски медиум	
62.225 ден. се исплатени за измирување на дел од обврските за членарина за **2026** год. кон ЗЕЛС и кон Источно-планскиот регион, **127.231** ден. се платени за објава на огласи, **194.560** ден. за репрезентација – обврски кои настанале за време на одржаниот Етно Плоштад Фестивал и **33.489** ден. за репрезентативни подароци, **8.500** ден. за учество на семинари на вработени во општината и **94.500** ден. за др.оперативни расходи од кои **4.500** ден. за набавка на цветни аранжмани за потребите на општината, **60.000** ден. платена е дел од обврската кон ЗАМП и **30.000** ден. – дел од обврската кон ЗЕЛС за користење на информациски системи	**520.505** денари
Платена субвенција за **1** месец кон ЈПКР Услуга – Берово за измирување на обврските према доверителот ЕВН Хоме, ДОО – Скопје	**206.199** ден.
Согласно Програмата за култура за **2026** година **25.000** ден. се платени на Ромски ресурсен центар за организација на настанот „Мале мале“ и **310.000** ден. се исплатени на ОФК Малеш – Берово, **25.000** ден. на ППК, согласно склучени Договори и согласно Програмата за спорт за **2026** година, **100.000** ден. се исплатени на Црвен крст – Берово, согласно донесен заклучок од страна на Советот на општината и **110.000** ден. се исплатени кон здруженија – **50.000** ден. кон здружението на сопственици на приватни шуми и **60.000** ден. кон здружението Меден даб, согласно Програмата за локален економски развој за **2026** год.	**570.000** денари

140.000 ден. се префрлени на наменската сметка – Вработување за исплата на надомест за м.**09/2026** за ангажирани **5** лица преку проект „Се грижиме, дејствуваме“, **11** решенија од по **7.000** ден. се исплатени за новородено дете, **2** решенија од по **10.000** ден. се исплатени за болничко лекување, **1** решение од **10.000** ден. е исплатено на згрижувачко семејство на малолетно лице и **1** решение од **10.000** ден. на семејство кое има лице со попреченост, **220.899** ден. буџетско учество се префрлени на УНДП за проектот РЕЛОАД, **300.000** ден. буџетско учество се префрлени на донаторската сметка на општината за проектот „ **Just femme** “, **5.000** ден. се исплатени кон спортско здружение, исплатено е решение од **15.000** ден. за првенец на генерација во основното образование, на ученици од основното образование и нивните наставници - ментори исплатени се **7** решенија од по **4.000** ден., **13** решенија од по **3.000** ден. и **6** решенија од по **2.000** ден. за освоени места на државните натпревари, на ученици од средното образование и нивните професори – ментори исплатени се **2** решенија од по **6.000** ден., **4** решенија од по **4.000** ден., **7** решенија од по **3.000** ден. и **2** решенија од по **2.000** ден. за освоени места на државните натпревари, **4** решенија од **5.000** ден. за запишани ученици во прва година средно образование при ОСУ „Ацо Русковски“ – Берово, **5** решенија од по **8.000** ден. субвенција за полагање на возачки испит Б – категорија и **15.000** ден. е исплатено решение на првенец на генерацијата во средното образование. По основ на сите исплатени решенија кон физички лица, платен е персонален данок на доход од надоместоци на износ од **37.659** ден.	**1.042.558** денари
Платено е дел од втора и завршна ситуација за реконструкција на ул.Г.Делчев во с.Ратево на износ од **1.152.882** ден., **41.391** ден. за изготвување на проекти, **69.880** ден. за извршен надзор на изградбите, доплатена е обврската од **190.752** ден. за поставување на јарболи пред	**2.666.377** денари

зградата на општината, **200.000** ден. се платени за набавка на материјали за реконструкција на ул.осветлување и **1.081.352** ден. е платено за изградба на детски комплекси со реквизити во с.Двориште и с.Будинарци.	

Бр.**05-101/11**
06.11.2026 год.

ОПШТИНА БЕРОВО
Градоначалник
Петар Ружински

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА БЕРОВО *